МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

# Записник од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

16 мај 2024
Хотел Александар Палас
Скопје

Арх.Бр. 20-__________/______

_____ . _____ . 2024

I. Листа на учесници

Реџаил Исмаиљи – Претседавач на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027.

Присутни членови на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. Гоце Георгиевски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
2. Јован Стојановски- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Васе Симовска Бошкова- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. Маја Лазареска Јовеска- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. Дарко Дочински- Министерство за труд и социјална политика;
6. Назмије Идризи - Министерство за животна средина и просторно планирање,
7. Игор Мојаноски – Министерство за транспорт и врски;
8. Дана Петреска - Секретаријат за Европски Прашања;
9. Џемил Ќамили - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
10. Владимир Петков - Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ;
11. Александра Мартиноска Стојческа - Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ;
12. Сашо Ристески - Македонска асоцијација на преработувачи;
13. Горан Митев - Асоцијација на земјоделци;
14. Перо Моцан - Вина од Македонија;
15. Сашо Крцоски - Мрежа на млади фармери;
16. Марина Тошеска – ЛАГ Агролидер;
17. Робертина Брајаноска- Македонско еколошко друштво;
18. Маја Тасева- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија;
19. Васка Мојсовска - Национална федерација на фармери.

Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. Јелена Спасова – Занаетчиска комора на РСМ;
2. Никола Деребанов – Стопанска комора на Северна Македонија;
3. Даниела Тодевска – Универзитет Гоце Делчев;

Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:

1. Дик ван Дајк - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. Франк Болен - Директорат за земјоделство и рурален развој.

Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:

1. Маргарита Делева - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

Претставници од НАО и НФ:

1. Александра Симјановска – Министерство за финанси,
2. Владо Караманолевски – Министерство за финансии,

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД):

1. Живко Брајковски - раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
2. Игор Трошански – помошник раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. Виктор Младеновски - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;

4. Јасмина Хаџибулиќ - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. Гордана Смилеска - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. Кирил Ристоски - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. Габриела Петрова - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. Александар Антески - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
9. Душко Јакимовски - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
10. Иса Имишти - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. Саџиде Демир – одделение за спроведување на агроеколошки мерки и LEADER;

Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):

1. Никица Бачовски – Директор на АФПЗРР;
2. Вангел Наневски – АФПЗРР;
3. Елена Д. Гаврилоска – АФПЗРР;
4. Марија Благоева – АФПЗРР;
5. Панче Арсов – АФПЗРР;
6. Надежда Кузмановска – АФПЗРР;
7. Славко Милошевски- АФПЗРР.

Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):

1. Светлана Тодоровска - Ревизорско Тело,
2. Љубица Локвенец – Ревизорско Тело,

Резултати: на третиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 учествуваа претседавачот на комитетот, 19 членови и 3 заменици со право на глас (од вкупно 32 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.

*Листата на присутност на членовите од третиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 е прикажана во прилог 1 од овој записник.*

*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

## II. Дневен ред за третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Време | Предлози за точки на дневен ред | Презентира: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 09:00 - 09:30 | Потврда за присуство на членови/заменици на состанокот | ТУ со ИПАРД | / |
| 2 | 09:30 - 09:40 | Отворање на состанокот | Претседавач/ Г-дин. Франк Болен, Раководител на одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | Отворање |
| 3 | 09:40 - 09:50 | Усвојување на дневниот ред за 3ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 4 | 09:50 - 10:00 | Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 | Претседавач | Конечен записник |
| 5 | 10:00 – 10:10 | Информации за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III | Претседавач | Презентирано на состанок |
| 6 | 10:10 – 10:20 | Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји | ГД за земјоделство | Презентирано на состанок |
| 7 | 10:20 - 10:30 | Комитет за следење на ИПА<br>а. Следење, повратни информации од комитетот за следење на ИПА | НИПАК | Презентирано на состанок |
| 8 | 10:30 - 11:00 | Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027<br>а. Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| | | б. Извештај за одобрени/одбиени проекти | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| 9 | 11:00 - 11:10 | Дискусија/одобрување на модификација на Програмата, надградби, модификација на финансиски табели нна Програмата | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 10 | 11:10 – 11:30 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата | НАО/УС | НАО извештај |
| 11 | 11:30 - 11:50 | Информација за контроли<br>а. Контроли и направени ревизии<br>б. Следење на превземеени активности<br>в. Годишен ревизорски извештај | ИПАРД Агенција / РевизорскоТело | ИПАРД Агенција извештај /РТ извештај |
| 12 | 11:50 - 12:00 | План за видливост и комуникација<br>а. Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | 12:00 - 12:15 | Активности за техничка помош<br>а. Преглед на активности од АПТА 2024 од минатиот комитет за следење на ИПАРД 2021-2027 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 14 | 12:15 - 12:30 | Евалуација на Програмата<br>а. Преглед и ажурирање на евалуациски активности и модификација на планот | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 15 | 12:30 - 12:40 | Дискусија/одобрување на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 16 | 12:40 - 12:50 | Разно | Претседавач | / |
| 17 | 12:50-13:00 | Предлози за дневен ред за следниот состанок/договор за нов датум | Претседавач | / |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

### Отварање на состанокот

Претседавачот на Комитетот, Реџаил Исмаиљи го отвори третиот состанок на комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот.

Франк Болен, раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ги поздрави членовите на комитетот за следење на ИПАРД и воедно им честититаше на македонските власти, бидејќи се први кои објавиле и успешно завршиле јавен повик од ИПАРД 3, а уште повеќе го пофали интересот на барателите на овој јавен повик. Споредено со земјите од западен Балкан, нашата земја е лидер во поглед на имплементација на ИПАРД Програмата. Тој укажа на потребата за подобрување на состојбата со човечки ресурси во ИПАРД структурите како гарант за успешно спроведување на програмата и ги охрабри и побара од македонските власти да го забрзаат процесот за воведување на нови мерки во програмата.

На крај, г-дин. Болен истакна дека како и претходно, така и во новиот програмски период Европската Комисија ќе обрне посебно внимание на спречување на ризици, прекршоци и неправилности и очекува како и до сега, ИПАРД структурите и членовите на комитетот и сите чинители инволвирани во спроведувањето на програмата да го сторат истото.

Во врска со точка 3 од дневниот ред "Усвојување на предлог дневниот ред за третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3":

Членовите на комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои дневниот ред за третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.

Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3":

Претседавачот на комитетот информираше дека записникот од претходниот состанок на комитетот одржан на 21ви декември 2023 година, е доставен до членовите на комитетот на 16ти јануари 2024 година. До 1ви февруари 2024 година до секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа и усвои записникот од претходниот, втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3 како конечен.

Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3".

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на комитетот како и за двете одлуки донесени по пат на пишана процедура за втора модификација на ИПАРД Програмата 2021-2027 и измена на АПТА за 2024 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.

Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји".

Претставникот на ГД АГРИ Дик ван Дајк ги презентираше резултатите од спроведувањето на ИПАРД 2 I ИПАРД 3 во земјите од западен Балкан истакнувајќи дека Република Северна Македонија е единствената земја која започна со спроведување на ИПАРД 3 Програмата. Тој ги охрабри македонските власти да продолжат со работа на имплементација на новите мерки односно Агро-еколошките мерки, ЛИДЕР, Советодавни услуги, Рурална јавна инфраструктура. Во однос на публицитетот, тој истакна дека користењето на алатките за публицитет е законска обврска, а не опција. Усогласеноста на барањата за видливост треба да биде проверена од страна на ИПАРД Агенцијата, додека пак, Ревизорското тело да утврди дали Агенцијата се придржува кон овие барања.

Она што беше испратено како порака за македонските власти е зајакнувањето на човечките капацитети и задржување на веќе постоечкиот кадар, имплементација на нови мерки како и имплементација/користење на системот за електронско аплицирање.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на спроведувањето на ИПАРД во сите земји.

Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Комитет за следење на ИПА".

(a) Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА":

Претставникот на Националниот ИПА Координатор, Дана Петреска информираше за состанокот на Комитетот за следење на ИПА кој што се одржа на 17[ти] април 2024 година на хибриден начин. Претставникот на ИПАРД Агенцијата на состанокот информираше за реформите поврзани со директните плаќања, обезбедувањето на одржливоста преку IACS системот како и употребата на ИПАРД софтверот. На состанокот биле донесени 28 заклучоци и препораки.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.

Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Состојба со спроведување на ИПАРД 2 и 3 Програмата".

Во врска со потточка 8 (а) од дневниот ред: "Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели":

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски детално ги презентираше резултатите од спроведувањето на Програмата и тоа по јавни повици, мерки, типови на сектори во мерките и типови на инвестиции. Тој исто така се осврна и на географскиот аспект од спроведувањето на Програмата.

Претставничката на НФФ, Васка Мојсовска отвори дискусија во однос на правниот статус на барателите, односно колку физички, а колку правни лица имаат искористено средства од ИПАРД Програмата. Таа додаде дека мал број од малите земјоделци аплицирале за повикот од ИПАРД 3 Програмата. Како главни проблеми со кои тие се соочуваат беше наведен зголемениот праг за Мерка 1 на 20.000 €, износ кој малите земјоделци не можат да го обезбедат. Како втор проблем беа наведени консултантските куќи кои изработувале бизнис план но целата потребна документација која дополнително требала да се собере била на товар на земјоделците што создавало нивна одбивност за аплицирање.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски како и Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски одговорија дека зголемувањето на прагот во Мерка 1, меѓу другото беше барање на самата федерација и други претставници односно засегнати страни. Зголемувањето на прагот дојде како резултат на зголемената инфлација на глобално ниво и пораст на цените на трошоците кои се финансираат преку Програмата, но и заради почитување на барањата на ЕК за преклопување на програмите и мерките. Барањето на малите земјоделци беше да се направи разграничување односно, инвестициите поголеми од 20.000 € да бидат опфатени со ИПАРД Програмата, а помалите со Националната програма за рурален развој каде што условите за аплицирање се полесни.

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски додаде дека со посета на интернет страницата на ИПАРД Агенцијата, во рамките на еден повик и за конкретна мерка, може да се види колкав број на физички и колкав број на правни лица склучиле договори и во колкава сума.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата преку податоци и показатели за следење.

Во врска со потточка 8 (б) од дневниот ред: "Извештај за одобрени/одбиени проекти".

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски информираше во однос на Јавниот повик од ИПАРД 3 за мерките 1 и 7.

Како главна причина за одбивање на барањата доставени на овој јавен повик беа наведени некомплетноста на барањата, неспоредливоста на понудите доставени во барањето и

новововедениот документ во ИПАРД 3 - Потврда дека против корисникот не е покренат обвинителен акт за кривично дело.

Нов јавен повик за мерките 1 и 7 се очекува кон крајот на третиот или четвртиот квартал 2024 година.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одобрените, одбиените и исплатените барања од ИПАРД Програмата.

Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Дискусија/одобрување на модификација на Програмата, надградби, модификација на финансиски табели нна Програмата".

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше дека втората модификација на ИПАРД 3 Програмата, донесена по пат на пишана процедура, беше донесена со цел да се избегне потенцијалното губење на средства. Средствата од мерките 4, 5 и 10 наместо во истите мерки за 2025 година се префрлија во мерката 7 за 2024 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на модификацијата на Програмата, надградбите и модификацијата на финансиските табели на Програмата.

Во врска со точка 10 од дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата".

Комитетот за следење беше информиран во врска со внатрешните ревизии извршени од страна на секторот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција, верификациските посети како и за извештаите од Ревизорско тело.

Претставникот на НАО, Александра Симјаноста, додаде дека пакетот за акредитација на нова мерка 6 од ИПАРД 3 Програмата - Инвестиции во јавна рурална инфраструктура е доставен до ревизорското тело проверка на усогласеност.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата на ИПАРД еуро сметката.

Во врска со точка 11 од дневниот ред: "Информација за контроли".

Во врска со подточка 11 (а) од дневниот ред: "Контроли и направени ревизии":

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Панче Арсов информираше во однос на извршените контроли на терен. Заклучок од контролите на терен е дека не се утврдени поголеми нерегуларности и неправилности.

**Во врска со подточка 11 (б) од дневниот ред: "Следење на преземени активности":**

Претставничката на ИПАРД Агенција, Марија Благоева информираше за спроведените ревизии во 2023 година како и Годишниот план за внатрешна ревизија 2024.

**Во врска со подточка 11 (в) од дневниот ред: "Годишен ревизорски извештај":**

Претставникот на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Љубива Локвенец информираше во однос на превземените активности од страна на Ревизорското тело како и планираните за 2024.

Врз основа на првичните заклучоци од спроведените системски ревизии, може да се каже дека најголем дел од препораките и слабостите од претходните години не се надминати. Повеќето од овие наоди се поврзани со задржување, мотивирање на вработените да останат во ИПА опкружувањето, работните простории и ИТ прашањата кои се исто така главен предизвик за Владата на Република Северна Македонија да преземе итни активности за решавање на овие слабости.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

| |
|---|
| Заклучока бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај. |

**Во врска со точка 12 од дневниот ред: " План за видливост и комуникација".**

**Во врска со потточка 12 (а) од дневниот ред: "Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД 3 Програмата, предвидени во годишниот акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД 3 Програмата година за 2024 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите од годишниот акциски план за комуникација и публицитет. |

**Точка 13 од дневниот ред "Активности за техничка помош".**

**Во врска со потточка 13 (а) од дневниот ред "Преглед на активности од АПТА 2024 од минатиот комитет за следење на ИПАРД 2021-2027":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2024.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за реализираните активности од АПТА-та за 2024 година . |

Во врска со точка 14 од дневниот ред: „Евалуација на Програмата".

**Во врска со потточка 14 (а) од дневниот ред: "Преглед и ажурирање на евалуациски активности и модификација на планот":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД Програмата. За реализација на овие активности, се планира ангажирање на надворешен експерт преку мерката техничка помош. За 2024 година, исто така планирана е и работилница за зајакнување на капацитетите за евалуација.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски додаде дека ИПАРД 2Програмата завршува на 31.12.2024 и за истата ќе биде спроведена екс пост евалуација.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за спроведувањето на планот за евалуација.**

**Во врска со точка 15 од дневниот ред " Дискусија/одобрување на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД":**

Виктор Младеновски информираше дека Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2 за 2023 година е во финална фаза на изработка и истиот ќе биде усвоен по пат на пишана процедура.

Во врска со оваа точка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2 за 2023 година.**

Точка 16 од дневниот ред "Разно":

Претставникот на Министерство за труд и социјална политика г-дин. Дарко Дочински истакна дека кај голем број на земјоделци постои голема неинформираност во однос на нивните обврски од областа на безбедност и здравје при работа и начините на кои може да се заштитат себеси. Тој даде предлог да се изнајдат начини/ можности за запознавање на земјоделците со нивните обврски и права и подигнување на свеста за безбедност и здравје при работа што беше прифатено од страна на ТУ со ИПАРД и се најави понатамошна соработка.

**Во врска со точка 17 од дневниот ред "Предлог на дневен ред за следниот четврти состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум":**

Претседавачот информираше дека датумот за следниот состанок ќе биде договорен во согласност со достапноста на претставниците на ЕК.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| | |
|---|---|
| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
| Rexhail Ismaili | Живко Брајковски |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реџаил Исмаиљи | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Васе Симовска Бошкова | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Гоце Георгиевски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5 | Јован Стојановски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6 | Дана Петреска | СЕП | √ | | | 0 |
| 7 | Јумни Адеми | Министерство за економија | / | / | | 2 |
| 8 | Вулнет Арифи | МЛС | / | / | | 1 |
| 9 | Дејан Котевски | МК | / | / | | 1 |
| 10 | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Игор Мојаноски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12 | Дарко Дочински | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13 | Ванчо Новоселски | АХВ | / | | | 2 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Џемил Ќамили | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | / | √ | Никола Деребанов | 0 |
| 17 | Горан Ѓорѓиевски | Сојуз на стопански комори | / | / | | 1 |
| 18 | Васка Мојсовска | Национална федерација на фармери | √ | | | 0 |
| 19 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 20 | Стевче Стевановски | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | / | | 2 |
| 21 | Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | / | | 0 |
| 22 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | / | √ | Јелена Спасова | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Љупчо Михајлов | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | / | √ | Даниела Тодевска | 0 |
| 24 | Марина Тошеска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | / | / | | 1 |
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | √ | / | | 0 |
| 29 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | / | / | | 1 |
| 30 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 31 | Перо Моцан | Вина од Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | / | | | 1 |
| 33 | Бардиљ Даути | Универзитет во Тетово | / | | | 1 |
| ВКУПНО: | | | 23 | | | |

Прилог 2: Листа на набљудувачи

Претставници на владини институции:

- Ајиша Дрпљанин – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Џејљан Муртезани - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Бехар Рамадани – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Павлинка Токузоска- Министерство за труд и социјална политика;
- Анета Стојаноска- Министерство за труд и социјална политика.